**3076.**

Врз основа на член член 190 став 1, 166-а и 167 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/05, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 12.9.2019 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ОД СТРАНА НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО СО ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СТЕКНАТИ, ОДНОСНО ОТТУЃЕНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Член 1

Во Правилникот за известувањето од страна на акционерско друштво со посебни обврски за известување за стекнати, односно оттуѓени хартии од вредност на правни и физички лица („Службен весник на РМ" бр.66/2008) (во понатамошниот текст: Правилник), во член 2, став (2) точка 7, зборовите во заградата "број на пасош во случај кога се работи за странски државјанин" се заменуваат со зборовите "број на патна исправа за странско лице, и датум на издавање и датум на важност на патната исправа, како и огран која ја издал".

Член 2

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за известувањето од страна на акционерско друштво со посебни обврски за известување за стекнати, односно оттуѓени хартии од вредност на правни и физички лица.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Број 01-834/2
12 септември 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

**3077.**

Врз основа на член 27 став 9 и член 190 став 1 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.95/05, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 12.9.2019 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРИВАТНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност („Службен весник на РМ" број 162/2014, бр.28/2016, бр.182/2016) (во понатамошниот текст Правилник), во Образецот И-ФЛ-ЕАИ: Изјава о единствениот акционер на издавачот – физичко лиц во заградата под линијата во првата реченица, по зборовите "ЕМБГ" се додаваат зборовите "број на личн карта и датум на издавање и датум на важност на личн карта, како и орган кој ја издал".

Член 2

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за формата и содржината на барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Републик Северна Македонија".

Број 01-835/2
12 септември 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вреднос
на Република Северна Македониј
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

**3078.**

Врз основа на член 7 став 2 и член 190 став 1 од За конот за хартии од вредност („Службен весник на Р публика Македонија" бр. 95/05, 25/2007, 7/200 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/201 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Комисијата з хартии од вредност на Република Македони на седницата одржана на ден 12.9.2019 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРА ВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА Н АКТОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОС ПО ВИДОВИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на акто за издавање на хартии од вредност по видови на харти од вредност („Службен весник на РМ" број 122/2006 81/2014) (во понатамошниот текст: Правилник), во де лот I. Акт за издавање на сопственички хартии од вре ност-Содржина на актот за издавање на сопственичк хартии од вредност во Член 5, став (1) точка 19, по збо ровите "и единствен матичен број на граѓанинот" с додаваат зборовите "број на лична карта и датум на и давање и датум на важност на лична карта, како и ор ган кој ја издал", а зборовите "и број на пасош" се з менуваат со зборовите "и број на патна исправа з странско лице, и датум на издавање и датум на ва ност на патната исправа, како и огран која ја издал".

Член 2

Во Правилникот, во делот II. Акт за издавање н должнички хартии од вредност-Содржина на актот з издавање на должнички хартии од вредност во Член став (1) точка 23, по зборовите "и единствен матиче број на граѓанинот" се додаваат зборовите "број н лична карта и датум на издавање и датум на важност н лична карта, како и орган кој ја издал", а зборовите "

број на пасош“ се заменуваат со зборовите “и број на патна исправа за странско лице, и датум на издавање и датум на важност на патната исправа, како и огран која ја издал“.

Член 3

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност по видови на хартии од вредност.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број 01-836/2
12 септември 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

**3079.**

Врз основа на член 167 став 1 точка б) и член 190, а во врска со членот 21 став 6 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 83/18), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 12.9.2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ЗАПИШУВАЊЕ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за запишување на хартии од вредност (Службен весник на РМ бр. 122/2006, 147/2010 и 81/2014 и пречистен текст во Службен весник на РМ бр. 162/2014) (во понатамошниот текст: Правилник), во Прилог 1-ИЗЈАВА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ (УПИСНИЦА), во II ДЕЛ точка 2. Податоци за лицето - купувач на хартиите од вредност, зборовите “ЕМБГ / ЕДБ / Број на пасош за странско лице / ЕМБГ на полномошникот: ____________“ се заменуваат со зборовите “ЕМБГ, број на лична карта и датум на издавање и датум на важност на лична карта, како и орган кој ја издал / ЕДБ / Број на патна исправа за странско лице, и датум на издавање и датум на важност на патната исправа, како и огран која ја издал/ ЕМБГ, број на лична карта и датум на издавање и датум на важност на лична карта, како и орган кој ја издал на полномошникот: ____________“.

Член 2

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката на запишување на хартии од вредност.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број 01-837/2
12 септември 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

**3080.**

Врз основа на член 167 став 1 точка б) и член 190, а во врска со членовите 154, 156, 158 и 166-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/05, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 12.9.2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ГОДИШНИТЕ, ПОЛУГОДИШНИТЕ И ТЕКОВНИТЕ ИЗВЕШТАИ, МАТЕРИЈАЛИ ЗА АКЦИОНЕРСКИ СОБРАНИЈА И ИЗВЕШТАЈ ЗА СОПСТВЕНОСТ НА АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА СО ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ КОИ СЕ ВОДАТ ВО РЕГИСТАРОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните и тековните извештаи, материјали за акционерски собранија и извештај за сопственост на акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија („Службен весник на РМ“ број 112/2008, 31/2011, 31/2012, 76/2013 и 171/2013 и пречистен текст во „Службен весник на РМ“ број 153/2015) (во понатамошниот текст: Правилник), во делот Видови на извештаи во Член 3, точка 1.4 алинеа 8, зборовите во заградата “број на пасош и земја од која е издаден пасошот за странско лице “ се менуваат со зборовите “број на патна исправа за странско лице, и датум на издавање и датум на важност на патната исправа, како и огран која ја издал“.

Член 2

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните и тековните извештаи, материјали за акционерски собранија и извештај за сопственост на акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број 01-838/2
12 септември 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.